**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точки 2 и 112-а од Изборниот законик (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51711, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **28.02.2020** година донесе:

# УПАТСТВО
## за примена на член 112-а од Изборниот законик – за лица со попреченост

**Член 1**

За избирачи – лица со попреченост, кои не можат да влезат односно пристапат во гласачкото место и да гласаат согласно Изборниот законик, избирачкиот одбор е должен да им овозможи на соодветен начин да влезат, односно пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас.

**Член 2**

Доколку овие лица со себе не довеле лице кое ќе им помогне при влезот односно пристапот во гласачкото место, во таков случај избирачкиот одбор е должен да определи лице од редот на избирачите кои во тој момент се затекнале во гласачкото место да му помогнат на избирачот со попреченост да влезе односно пристапи во гласачкото место за да го оствари своето право на глас.

**Член 3**

Едно лице може најмногу да им помогне на две лица со попреченост да го остварат своето право на глас.

**Член 4**

Идентитетот на лицата кои помагаат како и бројот на лицата кои гласаат со помош се запишуваат во Дневникот за евиденција на настани.

**Член 5**

Ова упатство стапува на сила со денот на донесувањето.

**Член 6**

Ова упатство се објавува на интернет страницата на Државната изборна комисија.

**Број** 10-688/1
**02.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**